**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 3-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 05.02.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арџенд Џелили, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека на седницата ќе се разгледува Предлог-записникот од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.01.2018 година, кој беше одложен поради техничка неможност истиот да се изработи. Во врска со содржината забележа дека има техничка грешка во датумот на одржување на седницата и предложи да се коригира.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата со забелешката од г-дин Петрушевски едногласно го усвои предложениот Записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.01.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Бр.** 02-482/5
07.02 **2018 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**